Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 29.06.2021

На 28.06.2021 во 20.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје, на подрачјето на Центар, го лишиле од слобода Ф.Е.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.06.2021 во 21.45 часот на ул. „29 ноември" во Кичево полициски службеници од СВР Охрид -ОВР Кичево запреле возило „сааб" со кичевски регистерски ознаки, управувано од Ф.М. (40), а сопатник бил П.Ј. и при преглед кај нив е пронајдена прашкаста материја, марихуана во повеќе полиетиленски пакувања , пиштол марка „Зораки" и еден куршум. Потоа, по издадена судска наредба, извршен е претрес во дом и помошни простории на Ф.М. во Кичево и притоа пронајдена е прашкаста материја, марихуана и дигитална вага кои биле ставени во метална канта закопана во дворот на Ф.М..При извршениот претрес вкупно се пронајдени околу 1,7 килограми марихуана и околу 160 грама хероин. По документирање на случајот, ќе биде поднесена кривична пријава до надлежното обвинителство за извршени кривични дела по член 215 и член 396 од КЗ .

На 28.06.2021 СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 67 мерки, меѓу кои 37 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 4 за управување возило под дејство на алкохол, 18 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 2 за технички неисправно возило и 4 прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли.

Во текот на вчерашниот ден (28.06.2021) во периодот од 08.00 до 14.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 348 возачи. Од нив, 77 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 15 возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Најмногу санкции се изречени на територија на СВР Тетово-70, потоа СВР Охрид-67... Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови.

На 28.06.2021 во 22.15 часот било пријавено дека на крстосница на бул.„Никола Карев" и ул.„Прохор Пчински" се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко возило „гранд чироки", со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Ц.(33), патничко возило „шкода", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.М.(46) и двајца пешаци Ќ.А.(44) и малолетничка, сите од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата пешаци, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.06.2021 во 20.20 часот во Полициската станица Центар, Н.К.(43) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓорѓи Пешков" неговиот син бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (28/29.06.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 28 прекршоци.

На 28.06.2021 во 11.40 часот во Полициската станица Карпош, А.Д.(43) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Карпош нејзината ќерка била касната од куче скитник.

ОВР Свети Николе поднесе кривична пријава против Т.К.(29) од с.Ерџелија, светиниколско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци" и „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Пријавениот, во периодот од 27.05. до 13.06.2021, искористил податоци од кредитна картичка сопственост на Ф.С. без негова согласност и преку негов телефонски апарат се логирал на веб страната на Државна лотарија на Македонија и играл на игрите на среќа со паричните средства и се стекнал со противправна имотна корист од 51.353 денари.

На 27.06.2021 во 22.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Кисела Вода го лишиле од слобода Х.А.(26), а на 28.06.2021 во 12.55 часот го лишиле од слобода М.А.К.(41), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство", извршено на 20.06.2021 во 23.55 часот на подрачјето на Центар, при што физички ги нападнале Ф.И.(26) од Скопје и уште едно лице. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.06.2021 на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле регистрирани 19 прекршоци, од кои осум во Велес, шест во Кавадарци и пет во Неготино, кои се соодветно санкционирани.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Р.(43) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 23.06.2021, при преглед на такси возило во кое бил затекнат пријавениот и при претрес во неговиот дом во Скопје биле пронајдени и одземени 2803 грама марихуана.

На 28.06.2021 во 11.15 часот во Полициската станица Аеродром, М.К.(27) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 28.06.2021 во 06.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на патот Качанички пат кон Бардовци бил пронајден починат М.А.(56) од с.Бардовци. Екипа на Итна медицинска помош констатирала смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 28.06.2021 во 02.20 часот во Полициската станица Центар, М.Р.(51) од Скопје пријавил дека на Кеј „Димитар Влахов" бил каснат од куче скитник.

ОВР Свети Николе поднесе кривична пријава против И.С.(43) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 09.01.2021 во Свети Николе, полициски службеници извршиле преглед над Д.П., при што пронашле хероин, кој претходно го купиле од пријавениот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против В.С.(27) од с.Јаргулица, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 19.02.2021, полициски службеници извршиле претрес во дом и други простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле ловечка пушка „Црвена застава" и 16 ловни патрони калибар 12 мм за кои не поседувал соодветна документација.

На 28.06.2021 во 14.50 часот во СВР Штип, од Итна медицинска помош било пријавено дека, додека извршувал градежни работи, починал Ј.Ш.(53) од Шуто Оризари-Скопје. Од екипа на Итна медицинска помош била констатирана смрт, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 28.06.2021 во 21.20 часот во Полициската станица Гази Баба, С.Т.(43) од Скопје пријавила дека на место викано Пуста кула, с.Трубарево била касната од куче скитник.

СВР Куманово, СВР Велес и СВР Охрид поднесоа кривични пријави против Ш.А.(63) од с.Матејче, општина Липково, С.Е.(50) од с.Никуштак, општина Липково, Ф.И.(26) од с.Черкези, кумановско, С.Ј.(46) од Куманово, Д.К.(28) од Струмица, С.Ј.(36) од Велес и А.Б.(41) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 20.03. до 13.06.2021 се движеле без дозвола за движење за време на забрана за движење.

На 28.06.2021 во 16.30 часот во Полициската станица Аеродром, Г.М.(50) од Скопје пријавила дека ул.„23 Октомври" била касната од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет